Дваесетина претставници на граѓански организации учествуваа во работата на [регоналниот форум] на [Цивика мобилитас] што се одржа на 25 јуни 2015 година во Културниот дом „Григор Прличев“ во **Охрид**. Темите за кои разговараа беа: учество во носењето одлуки на локално ниво; младински ангажмани; управување со отпад; екологија; мигранти; животни без дом, без грижа.



И овој пат фокусот беше ставен на општествените промени и соработката. Претставниците од **граѓанските организации од Охрид, Вевчани, Дебар, Кичево** кои беа присутни на форумот зборуваа за своите искуства на соработка, а Сајмон Форестер, меѓународен експерт на Цивика мобилитас зборуваше за добри пракси организации од Европа. „Соработката не треба да ја гледаме само во функција на предизвикувањето

промена“, рече Форестер, „
**додека соработуваме учиме**
едни од други и сите стануваме посилни“, додаде тој. Дискусијата беше насочена кон прашањата: Како да учиме преку соработката? И Како да организациите да станат посилни?

„**Мнозинството прави сила**, а за тоа ни треба **соработка и солидарност**“, рече Фламур Муладаути, од Центарот за одржлив развој на заедницата од Дебар. Според него, потребно е да се подобри
**комуникацијата меѓу граѓанските организации**
, соработката на организациите со локалните власти, со институциите, со граѓаните воопшто. „Кога ќе бидеме здружени полесно ќе постигнеме ефекти“, додаде тој.



Учесниците се согласија дека **солидарноста е детерминанта на општеството**. Тие

предложија градење
**регионална граѓанска платформа**
. Една од активностите на платформата би била подигањето на свеста на граѓанските организации за соработка и солидарност. Учесниците сметаа дека треба да се одредат сферите и можностите каде ќе се остварува соработката, а зборуваа и за чинителите: локалната власт, граѓанските организации, граѓаните воопшто, институциите, особено засегнатите за одредени теми кои ќе бидат третирани.

Цивика Мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрациј (SIPU). Цивика мобилитас обезбедува поддршка за граѓанските организации и другите актери на граѓанското општество. Спроведувањето започна во октомври минатата година и ќе трае четири години.